**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"- БИТОЛА**
**ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ-СКОПЈЕ**
**Бр.08-794/6**
**24.10.2019 година**
**С К ОП Ј Е**

Врз основа на член 17 став 3 од Статутот на Универзитетот „Св. Климент Охридски"-Битола, Наставно-научниот совет на единицата Факултет за безбедност - Скопје, на седницата одржана на ден 24.10.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за дополнителна ноемврска сесија во академската 2019/2020 година**

1. Се утврдува дополнителен испитен рок (испитна сесија) за студентите на Факултет за безбедност - Скопје, во месец **НОЕМВРИ** (ноемвриски испитен рок) во академската 2019/2020 година.

2. Студентите во ноемвриски испитен рок можат да полагаат само презапишани предмети од непарните семестри и запишани (и презапишани) предмети од парните семестри, со уплата на надомест во износ од 1.000,00 денари по предметна програма (испит).

3. Право на користење на ноемврискиот испитен рок (испитна сесија) имаат студентите на Факултетот за безбедност - Скопје, со статус апсолвент, (кои имаат евидентирано апсолвентски стаж за академската 2019/2020 година), а имаат заостанати-неположени испити, без оглед во кој семестар е предметната програма, без уплата на надомест за полагање (по прв пат).

4. Студентите по завршувањето на дополнителниот ноемвриски испитен рок ќе можат да запишат нови предмети од соодветните непарни семестри најмногу до бројот на освоените кредити од повторно запишаните предмети што ги положиле во дополнителниот ноемвриски испитен рок.

5. Пријавувањето на испитите е од 11.11.2019 година до 15.11.2019 година.
Испитната сесија трае од 25.11.2019 година до 10.12.2019 година.

6. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

7. Примерок од Одлуката да се достави до: Продеканот за настава, Координаторот за ЕКТС на Факултетот, Одделение за студентски прашања, да се истакне на огласна табла и објави на ВЕБ страната на Факултетот и архива.

**Д Е К А Н**

**Вонреден проф. д-р Никола Дујовски**